Ceresit

# CM 9

MC-POLYMERS made by Henkel

GEV-EMICODE EC 1 PLUS very low emission

## Лепак за плочки

**Тенкослоен лепак за подни и ѕидни керамички плочки**

**За внатрешна употреба**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- C1 ( EN12004)
- За дебелина на слој од 10 мм
- За впивачка керамика
- Погоден за нерамни површини
- Висока стабилност
- Економичен







### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За поставување керамички плочки, на внатрешни површини. За сите подлоги кои имаат цемент како врзивен елемент. При поставувањето на невпивачки керамички плочки, користете флексибилен лепак CM 16.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Ceresit CM 9 може да се примени на компактни, цврсти и носиви подлоги без никакви супстанции што ја намалуваат адхезијата (масти, прашина, битуменски премази, остатоци од црна изолација, лакови за боја, итн.). Бетони (најмалку 28 дена стари, со преостаната влага ≤ 2%), цементни кошулици и малтери на база од на цемент и вар (стар најмалку 28 дена со преостаната влага ≤ 1,5%), анхидрит (преостаната влага ≤ 0,5%) и гипс малтери (преостаната влага ≤ 1%) треба да бидат механички рапави и исчистени од прашина, а потоа да се премачкаат со прајмемрот CT 17 или CN 94. Подлогите не смеат да бидат влажни. Сите постојни нечистотии, лабави слоеви и послаби облоги на бои треба да се отстранат механички. Впивливите подлоги треба да се премачкаат со Ceresit CT 17 и да се остават да се исушат најмалку 2 часа. Неправилности до 5 мм може да се пополнат претходниот ден со CX 5. Во случај на поголеми неравнини и вдлабнатини, користете самонивелирачка маса на Ceresit (на пр. CN 69) или брзоврзувачка кошулица
CN 85.




### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Истурете ја содржината на пакувањето во сад со точно измерена количина чиста и ладна вода и измешајте со помош на миксер додека не се добие хомогена маса без грутки. Оставете 5 минути и повторно промешајте ја смесата. Нанесете го лепакот со соодветна назабена глетарка. За внатрешна употреба, покриеноста на површината за контакт со лепак на задниот дел од плочката мора да биде најмалку 70%. Поставете ги плочките само за време на отвореното време за лепење. Свеж вишок лепак може да се отстрани со вода. Зацврстениот материјал може да се отстрани само механички. Футирањето се врши кога лепилото е целосно суво. Не поставувајте плочки без спојници (фуги)! Внимавајте на ширината на спојници во зависност од големината на плочките, условите за употреба и препораките на производителот на плочки. Дилатациите, спојниците во аглите, ѕид-под, ѕид-ѕид и околу санитариите треба да бидат исполнети со Ceresit трајно еластични заптивачки маси.

## НАПОМЕНА

Работењето се изведува во суви услови при температури од + 5°C до + 25°C. Сите податоци се добиени на температура од 23°C и релативна влажност од 50%. Различни услови може да предизвикаат успорување или забрзување на стврднувањето. Во случај на поставување камени плочки кои подлежат на промена на бојата, правењето примерок е задолжително со цел да се провери дали лепилото предизвикува промени во плочките. Покрај препораките дадени во овој документ, работите треба да се изведуваат во согласност со градежните стандарди и безбедносните правила при работа. Во случај на сомневање, контактирајте со техничка поддршка или напревете примерок. Содржи цемент. Реагира многу алкално со влага, затоа треба да ја заштитите кожата и очите. Во случај на контакт со очите, исплакнете веднаш со многу вода и побарајте лекарска помош.

## СОСТАВ

Цемент, кварцен песок, минерални полначи, полимери во прашкаста состојба и останати адитиви.

## СОВЕТ ЗА ОТФРЛАЊЕ НА ОТПАД

Рециклирајте само целосно испразнета амбалажа. Фрлете остатоци од зацврстен производ како индустриски отпад сличен на отпадот од домаќинството или во контејнер за отпад од комерцијален/градежен отпад. Отстранете ги незацврстените остатоци од производот како опасен отпад. Европски код за отпад: 17 01 01 Бетон.

## РОК НА ТРАЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

Вреќи од 25кг. Да се чува на суво и ладно место.
Рок на траење: 12 месеци од датумот на производство (втиснат на пакувањето).

## ПАКУВАЊЕ

Вреќи од 25кг.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | на база на цемент со минерални полначи и адитиви |
| Размер на смесата: | 6,25л вода за 25кг |
| Густина: | 1,49 кг/дм$^3$ |
| Отворено време: | 15 до 20 минути |
| Лизгање: | намалено лизгање |
| Време на обработливост: | 3 часа |
| Фугирање: | после 24 часа |
| Температура на работење: | +5 °C до +30 °C |

## ПОТРОШУВАЧКА

| Дебелина на забец (мм) | просечна потрошувачка CM 9 (кг/м$^2$) |
|---|---|
| 4 | 3,0 |
| 6 | 4,0 |
| 8 | 5,0 |
| 10 | 6,0 |